# Скопје

Бесплатен примерок

| Број 29 | Година VI | 26 јуни 2013г. |


# БУЛЕВАР ИЛИНДЕН - 4 ЛЕНТИ ОД ЦЕНТАРОТ ДО КАРПОШ 4






# НОВ ЛИК И ЗА ВТОРИОТ ДЕЛ ОД БУЛЕВАРОТ БОРИС ТРАЈКОВСКИ

Вториот дел од булеварот Борис Трајковски, на потегот од крстосницата со булеварот Србија до влезот во поранешната фабрика „Стакларница", минатиот месец доби нов лик. Делницата долга 1 126 метри доби 4 коловозни ленти, нови тротоари, осветлување и зеленило и го намали сообраќајниот метеж.




- Проектот за проширување и реконструкција на булеварот Борис Трајковски е еден од најголемите проекти на Градот Скопје. Со проширувањето на овој дел, булеварот доби 4 коловозни ленти, по две во секоја насока, широки по 3,5 метри. Коловозот е асфалтиран со полимеризиран асфалт-бетон, на површина од околу 16 000 квадратни метри. По должината на оваа делница Градот Скопје уреди 2 семафоризирани крстосници. Од десната страна на коловозот е изграден тротоар покриен со бекатон-плочки, со ширина од 2 метри, а од левата страна - тротоар со велосипедска патека, со ширина од 4 метри. Поставена е атмосферска канализација во должина од 1 126 метри со променлив профил, од Ф 500 до Ф 800 милиметри. Постојниот армирано-бетонски мост над Усјанскиот канал беше реконструиран, со што тој доби 4 коловозни ленти со пешачка и со велосипедска патека. Од двете страни на



проширената делница се поставени 64 столбови за улично осветлување - рече градоначалникот Коце Трајановски, на официјалното отворање за сообраќај на втората делница од проширениот булевар Борис Трајковски.

Трајановски потсети дека Градот Скопје во октомври минатата година ја отвори за сообраќај првата делница од проширениот булевар Борис Трајковски, кој што се градеше на потегот од „Рампа“ до крстосницата со улицата Народни херои во должина од 1 380 метри.

- Со проширувањето, постојната тесна улица се трансформираше во булевар со 4 коловозни ленти. Беше поставена и атмосферска канализација во должина од 1 380 метри. Со комплетното завршување на капиталниот проект за проширување и реконструкција на булеварот Борис Трајковски, оваа прометна сообраќајница доби нов лик во вкупна должина од 2,5 километри и се реши децениските проблем со кој се соочуваа скопјани. Во проектот за проширување и реконструкција на булеварот Борис Трајковски, Градот Скопје вложи околу 4 милиони евра, пари обезбедени од Европската банка за обнова и развој, како кредит, и од Буџетот на Град Скопје - нагласи градоначалникот Трајановски.








# БУЛЕВАР ИЛИНДЕН - 4 ЛЕНТИ ОД ЦЕНТАРОТ ДО КАРПОШ 4




Екипите на Градот Скопје го проширија и реконструираа третиот дел од булеварот Илинден, во Карпош 3, со што сложениот проект за пробивање на овој значаен булевар доби успешна завршница. Третиот дел од проширениот булевар Илинден на 29 мај и официјално го предадоа во употреба градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, Претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски и Претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева.

- Во овој трет дел од проширувањето, на потегот од бензинската пумпа на „Макпетрол" до улицата Љубљанска, во должина од 1 500 метри, булеварот Илинден доби четири коловозни ленти. Од двете страни на булеварот се оформени нови тротоари со ширина од по 2,5 метри, а рабниците се целосно заменети. Изградбата на новиот коловоз беше искористена за изградба на нова атмосферска канализација со нови сливници и шахти, долга 610 метри (Ф 200 и 300 милиметри). За потребите на проширената сообраќајница е изграден и армиранобетонски мост во должина од 20 метри. При реконструкцијата на булеварот поставена е заштитна жичена ограда на стадионот на ФК „Локомотива", висока 8 метри, а долга 157 метри. За изградба на оваа трета делница од булеварот Илинден Градот Скопје вложи околу 65 милиони денари – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Трајановски додава дека на трасата на булеварот Илинден е поставено целосно ново улично осветлување, за што се вложени 9 милиони денари.

- Во средишниот дел на булеварот е изградена жардиниера со променлива ширина од 2,5 до 5 метри и должина од






Првата делница од проширениот булевар Илинден




2 000 метри. Од левата и десната страна на булеварот е засадена трева на површина од околу 15 000 квадратни метри и е поставена хидрантска мрежа за полевање. Во средишното зеленило од двете страни на булеварот се засадени 120 дрворедни садници од видот „украсно јаболко". За комплетното хортикултурно уредување на третиот дел од булеварот Илинден се издвоени околу 6,6 милиони денари. Со тоа, вкупната инвестиција за реконструкција и проширување на третиот дел од булеварот Илинден изнесува околу 80 милиони денари – нагласува градоначалникот Трајановски.

За потсетување, во 2010 година Градот Скопје го прошири и реконструираше првиот дел од булеварот Илинден, од крстосницата со булеварот Свети Климент Охридски до крстосницата со булеварот 8 Септември, во должина од 2 140 метри. За реализацијата на овој капитален проект Градот Скопје потроши околу 3,3 милиони евра. Во 2011 година беше проширена втората делница од булеварот Илинден, од крстосницата со булеварот 8 Септември до бензинската пумпа на „Макпетрол“ во должина од 280 метри, во што Градот Скопје вложи околу 20 милиони денари. Со проширувањето на третиот дел од булеварот Илинден, оваа сообраќајница доби нов лик на вкупна должина од околу 4 километри.




Втората делница од проширениот булевар Илинден






# КРУЖЕН ТЕК ГИ ПОВРЗА УЛИЦИТЕ ВТОРА МАКЕДОНСКА БРИГАДА И ЛАЗО ТРПОВСКИ

Улиците Втора македонска бригада и Лазо Трповски, на границата меѓу општините Бутел и Чаир, минатиот месец ги поврза кружен тек. Новото сообраќајно решение придонесе за намалување на метежот што претходно беше честа слика на оваа раскрсница, а со тоа се зголеми и безбедноста за сите учесници во сообраќајот.

- Кружниот тек меѓу улиците Втора македонска бригада и Лазо Трповски е формиран на нивото на постојниот коловоз и има една сообраќајна лента со широчина од 5,5 метри, што ги опслужува сите четири краци. Новоформираниот коловоз е покриен со асфалт со полимер на површина од околу 4 700 квадрати. На краците од улиците Втора македонска бригада и Лазо Трповски што водат кон кружниот тек се изградени тротоари покриени со бекатон-плочки, а во средината на кружниот тек е засадено зеленило на површина од 1 400 квадрати. Во текот на градежните работи на кружниот тек беше изградена нова атмосферска канализација, со профил од 200 милиметри на должина од 35 метри и со профил од 300 милиметри на должина од 15 метри, којашто ќе ги одведува атмосферските води од новиот коловоз. Изградена е и една ревизиона шахта со капак и 4 сливници. Беше извршена и заштита на постојната водоводна мрежа, на канализациските цевки и на гасоводната цевка Ф 219 милиметри. Градот Скопје во овој проект вложи 22 милиона денари – рече градоначалникот Коце Трајановски, на официјалното отворање за сообраќај на новиот кружен тек.




Трајановски додаде дека на кружниот тек е поставено и ново улично осветлување, со 9 столба за осветлување и 13 светилки.

- За осветлувањето на новоформираната крстосница Градот Скопје потроши околу 1,5 милиони денари, а за хортикултурно уредување на околниот простор ќе вложи 1,5 милиони денари – нагласи градоначалникот Трајановски.

# СЕ РЕКОНСТРУИРА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА ВО СТАЈКОВЦИ



Градежните работи за реконструкција на постојната водоводна мрежа во населеното место Стајковци се одвиваат според предвидената динамика. Од планираните 28 крака од мрежата со вкупна должина од 5 116 метри, досега се завршени шест крака, со должина од околу 600 метри.

- Стајковци е едно од поголемите населени места во Општината Гази Баба, со околу 500 домаќинства кои со години се соочуваа со чести дефекти на старата и дотраена водоводна мрежа. Сега се создадоа услови за нејзина целосна реконструкција, па старите цевки ќе се заменат со нови полиетиленски цевки со профил од 100 милиметри, со што населението ќе добие поквалитетно водоснабдување - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на почетокот на реконструкцијата на водоводот.

Реконструкцијата на водоводната мрежа е резултат на добрата соработка на Градот Скопје и Општината Гази Баба. За нејзината реализација се планирани околу 18 милиони денари, од кои 15 милиони се од ЈП „Водовод и канализација", а 3 милиони денари се од буџетот на Општината Гази Баба.

# ИСЧИСТЕНИ КАНАЛОТ КОЗЛЕ И ДЕЛ ОД КОРИТОТО НА ВАРДАР



Екипите на Градот Скопје го исчистија каналот Козле, при што се отстранети 310 кубни метри наноси на земја, комунален отпад и градежен шут. Нискостеблестата и високостеблестата вегетација во каналот и во неговата непосредна близина се искастрени.

Од под мостот „Тодор Александров" (поранешниот мост „Близнак") во Аеродром се исчистени 960 кубни метри земја и градежен шут, а на десната страна на коритото на реката Вардар е саниран и пробиениот насип кај Долно Лисиче.

Екипите на Градот Скопје деновиве работат на рачно чистење на вегетацијата на косините и минор коритото на Вардар, а кога ќе се спушти нивото на реката ќе се продолжи со машинско чистење на косините на локации во Општината Гази Баба и во Општината Карпош.

# СЕ ГРАДИ ИНФРАСТРУКТУРАТА ЗА НОВИТЕ ЗГРАДИ ВО АЕРОДРОМ



Изградбата на новата инфраструктура по должината на улицата Трета македонска бригада којашто ќе биде во функција на новите станбени згради што се градат во близина е во тек. Проектот опфаќа изградба на нова атмосферска и фекална канализација, водовод и нови улици и тротоари.

- Градот Скопје и општината Аеродром навреме ќе ги завршат своите обврски за изградба на потребната инфраструктура што ќе биде во функција на жителите на овие нови станбени објекти што се градат по должината на улицата Трета македонска бригада. Градот Скопје ќе ја направи главната сообраќајница во овој дел, поточно, улицата Васко Карангелевски ќе се прошири и ќе добие четири коловозни ленти и нови тротоари на должина од 1 458 метри, од крстосницата со булеварот Јане Сандански до улицата Трета македонска бригада. Во Градот Скопје во тек е изработката на проектот за оваа сообраќајница, а нејзината изградба очекувам да почне кон крајот на годинава. Проширувањето на оваа улица ќе се финансира од буџетот на Град Скопје. Деновиве, во завршна фаза е и изградбата на водоводната мрежа за високата и за ниската зона во Стар Аеродром, а наскоро ќе се избере и изведувач за изградба на топловодот по дел од улицата Трета македонска бригада – рече градоначалникот Коце Трајановски, на почетокот на градежните работи на новата инфраструктура.



За изградба на планираната инфраструктура, што е во надлежност на општината Аеродром, од општинскиот буџет ќе се издвојат околу 60 милиони денари.

# ЗАБРАНА ЗА ТОВАРНИ ВОЗИЛА НА ГРАДСКИТЕ УЛИЦИ




На 1 јуни стартуваше сезонскиот вонреден времен режим за движење на тешките товарни возила на подрачјето на Град Скопје. Забраната за движење на тешките товарни возила важи во интервалот од 10 до 20 часот и ќе трае до 01.09.2013 година.

Ваквиот режим на движење се воведува за да се заштитат коловозите на градските сообраќајници од големото оптоварување на тешките товарни возила кога се високи температурите на воздухот. Овој режим на сообраќај не се однесува на тешките товарни возила што превезуваат лесно расипливи стоки, медицински препарати и добиток.

Градот Скопје апелира до сите превозници со тешки товарни возила да се придржуваат на поставената сообраќајна сигнализација.

# РЕШЕН ХАОСОТ ВО РЕКЛАМИРАЊЕТО – ПОСТАВЕНИ НОВИ БИЛБОРДИ ВО СКОПЈЕ

Унифицирани билборди според типот и обликот минатиот месец почнаа да се поставуваат на јавните површини во Скопје, со што се воведе ред во рекламирањето. Новите унифицирани рекламни паноа ќе бидат поставени на вкупно 1100 локации низ градот, и тоа, ќе се постават 800 билборди, 252 сити лајти и 48 LCD панели.




- На двата јавни огласи што ги распиша Градот Скопје за поставување рекламни паноа на подрачјето на градот се избрани 4 концесионери. Со компаниите „Акцент медиа", „Скрин – медиа", „Кала плакат" и „Медиа – С" се веќе потпишани договори за користење локации за поставување рекламни паноа. Избраните концесионери имаат обврска да постават рекламни паноа на подрачјето на град Скопје според добиениот сопствен пакет, во кој што се прецизирани точните локации и типот и обликот на рекламните паноа. Секој концесионер доби пакет со ист број рекламни паноа и тоа, по 200 локации за поставување билборд, по 63 локации за сити лајт и по 12 локации за LCD панел. Јас на граѓаните на Скопје им ветив дека ќе се посветам на решавање на настанатиот хаос во рекламирањето на јавните површини и еве сега тоа мое ветување се остварува. Тоа беше и целта на јавните повици на Градот Скопје за поставување рекламни паноа на подрачјето на градот, да се воведе ред во рекламирањето. На ваков начин Скопје ќе добие унифицирани билборди, сити лајти и LCD панели, а во исто време ќе се отстранат сите нелегално поставени рекламни паноа. Секој нелегално поставен билборд ќе биде отстранет. Градот Скопје на јавните повици избра 4 компании за да може да има конкуренција во рекламирањето, поточно да нема монопол при изнајмувањето на рекламен простор – рече градоначалникот Трајановски, на промоцијата на новите билборди.




Трајановски нагласи дека обликот и материјалот од кој се изработени новите рекламни паноа се одредени во Студијата за рекламните паноа што за Градот Скопје ја изработи надворешен консултант избран на јавен повик.

Секој концесионер сам си ги изработува рекламните паноа, според зададениот стандардизиран тип за билборд, сити лајт и LCD панел.

# ПОСТАВЕНИ НОВИ АВТОБУСКИ ПОСТОЈКИ





На автобуските стојалишта на повеќе локации низ Скопје минатиот месец беа поставени нови и уредени постојки. Вкупно ќе се постават 226 автобуски постојки низ градот, а до крајот на јуни ќе бидат монтирани првите 50 постојки.

- Со реализацијата на оваа активност граѓаните ќе добијат нови, модерни и уредени автобуски стојалишта, според нивните барања, и сметам дека целосно ќе бидат задоволени сообраќајните стандарди. За набавката на 226 стојалишта Градот Скопје од Буџетот ќе издвои околу 66 милиони денари, во три фискални години - објаснува градоначалникот Коце Трајановски.

Новите постојки се класифицирани во две групи: Тип А – 178 постојки (со димензии 4,2 метри должина и 1,4 метри ширина) и Тип А дупла – 48 постојки (со димензии 8,4 метри должина и 1,4 метри ширина). Сите типови на стојалишта се состојат од: настрешница (носиви столбови и конструкција со покрив); застаклени површини меѓу столбовите со сигурносно калено стакло; информативна табла со име на постојката, мапа на градот, како и возен ред на автобусите кои поминуваат на автобуската постојка; клупа за седење и канта за отпадоци.

Автобуските постојки се изработени од галванизиран нерѓосувачки челик, покриени се со лексан, застаклени се со калено стакло, а дизајнот на информативната табла беше избран на јавен конкурс.







# „ПРВ ДО ВРВ“ ЗА ВТОРИОТ РОДЕНДЕН НА ЖИЧНИЦАТА

Ревијалната планинарска трка во која учествуваа над 600 рекреативци, велосипедските трки и журката со познати музички ѕвезди беа само дел од манифестацијата „Прв до врв“ организирана за вториот роденден на жичницата на Водно, на 1 јуни. Трките до Милениумскиот крст имаа натпреварувачки карактер. Во планинарската трка до врвот на Водно први стигнаа Росица Костова и Јовица Ристовски. Во велосипедската трка ROAD врвот го освоија Ивана Герчакова и Никола Грбиќ, а во велосипедската трка MOUNTAIN најбрзи беа Тања Пенева и Борче Јорданоски. На крајот на трките сите натпреварувачи добија сертификати за учество, а најдобрите беа наградени со пехари, производи и парични награди. Имињата на натпреварувачите кои остварија најдобри времиња во машка и во женска конкуренција, беа запишани на трајна табла која ќе биде поставена на врвот на Водно и ќе се надополнува секоја година.





Посетителите што не се натпреваруваа имаа можност да пристигнат до врвот на Водно со жичницата и да уживаат во забавата со богата музичка програма, DJ сет од Антена5 Радио и настап на познати музички ѕвезди. Вечерта на Средно Водно беше организирана журка со македонската ДЈ елита.

Манифестацијата „Прв до врв“ ја организираа Градот Скопје и ЈСП „Скопје“.



# ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ПОЖАРНИКАРСТВОТО 2013



Градот Скопје на 20 мај традиционално го одбележа Денот на пожарникарството, во противпожарната станица во Автокоманда. Прославата почна со свечено постројување на скопските пожарникари, а командантот на Противпожарната бригада на Град Скопје, Благоја Менковски, на градоначалникот Коце Трајановски му поднесе рапорт.

- Изминативе години Градот Скопје работеше на модернизација на опремата на Противпожарната бригада. За потребите на Бригадата минатава година се набавени две пумпи за вода со капацитет на испумпување од 1 500 литри вода во минута, за што беа издвоени 1,3 милиони денари. За пожарникарите се набавени професионални заштитни чевли за што се одвоени околу 700 000 денари, а завршена е и јавната набавка за заштитни шлемови со лед светилки за чијашто набавка се потрошени 4,5 милиони денари и истите ќе пристигнат во наредниов период. Минатата година беа вработени 25 нови пожарникари, кои претходно беа обучени во средното училиште „Марија Кири Склодовска" и со успех ја совладаа предвидената програма – рече градоначалникот Коце Трајановски.



Градоначалникот Трајановски на командантот Менковски му ги додели клучевите од новото теренско командно возило од марката „Dacia Duster" за чија набавка беа издвоени милион денари.

Покрај Трајановски, на одбележувањето на Денот на пожарникарството во станицата во Автокоманда присуствуваа и министерот за внатрешни работи, Гордана Јанкуловска и директорот на Дирекцијата за заштита и спасување, Шабан Салиу.

*Во Центарот за дарување крв во ДХО „Даре Џамбаз“*

# КРВ ДАРУВАЛЕ 177 КРВОДАРИТЕЛИ



Во новоотворениот Центар за дарување крв во Домот на хуманитарни организации „Даре Џамбаз“, од неговото отворање на 18 април до денеска крв дарувале 177 крводарители. Центарот работи од понеделник до петок, од 10 до 17 часот, а во сабота од 09 до 14 часот. Донираната крв се испраќа во Институтот за трансфузиона медицина.

Отворањето на Центарот за дарување крв е резултат на одличната соработка на Црвениот крст на град Скопје, Црвениот крст на Република Македонија, Институтот за трансфузиона медицина и Градот Скопје.

- Дневниот центар за дарување крв ќе биде под патронат на Градот Скопје, којшто е Светски град на солидарноста и хуманоста. Во оваа насока, Градот Скопје со доделување средства во износ од околу 200 000 денари ќе придонесе за промовирање на крводарителството, хуманоста и солидарноста во нашиот град. Овие средства, Град Скопје му ги додели на Црвен крст на град Скопје за опремување на дневен центар за дарување крв. Во уредувањето на надворешниот простор кој е поплочен и се поставени клупи, учествуваа ЈП „Улици и патишта“ и ЈП „Паркови и зеленило“. Доброволното дарување крв претставува одраз на високи етички, хуманитарни и морални вредности. Да се дарува крв и да се спаси нечиј живот, воден од алтруистички побуди е благородно дело. Отворањето на дневниот центар за дарување крв ќе им овозможи на граѓаните во секое време да можат да даруваат крв, а со тоа и да се зголемат резервите на оваа скапоцена течност и можностите за спасување животи - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на отворањето на Центарот.



Во Центарот ќе бидат достапни информативни материјали за крводарителство кои ќе содржат корисни информации за крводарителите. Правилната едукација е важен фактор за мотивација на секој иден крводарител, како и дополнителен поттик за повеќекратните крводарители. Преку овој центар ќе се мотивираат и младите крводарители за нивно активно вклучување како редовни крводарители, во согласност со нивната општа здравствена состојба. Основните активности на Центарот за постигнување повисоки цели се: надградување на капацитетите на организацијата во делот крводарителство на територија на град Скопје, мотивирање на потенцијалните крводарители и поттикнување на повеќекратните, промовирање здрави животни навики, како и дружење, размена на идеи и искуства на крводарителите во Скопје.

# СРЕДБА МЕЃУ ПРВИОТ И НАЈДОБРИТЕ



Во рамките на традиционалната манифестација „Средба меѓу првиот и најдобрите", на најдобрите 27 матуранти – првенци на генерацијата 2009/2013 година од 21 средно училиште градоначалникот Коце Трајановски им додели признанија и парични награди.

- Манифестацијата „Средба меѓу првиот и најдобрите" има за цел да го афирмира знаењето и училишниот успех на првенците на генерација во средните училишта на Градот Скопје и да им се оддаде јавно признание за постигнатите резултати. Почитувани првенци на генерацијата 2009/2013 година во четиригодишното образование и првенци од генерацијата 2009/2012 година во тригодишното образование – вие со своите успеси и постигнувања се афирмиравте себе, Вашите училишта но, и нас граѓаните на Градот Скопје и на Републиката. Праксата покажува дека секој млад човек, кој бил првенец на својата генерација гради успешна иднина и достигнува врвни резултати на патот на својот професионален развој. Најважната задача на секоја образовна институција е кај Вас учениците да ги развива и јакне благородните творечки и креативни сили. Тоа е патот до најголемиот дар и признание што човек може да го поседува, а тоа е знаењето – им порача градоначалникот Трајановски на првенците.

# НАГРАДЕНИ НАЈДОБРИТЕ МАТЕМАТИЧАРИ

Градоначалникот Коце Трајановски ги додели дипломите и решенијата за парични награди на победниците на вториот натпревар по математика меѓу средните училишта на Град Скопје, којшто на 11.05.2013 година се одржа во просториите на СУГС „Георги Димитров".

На натпреварот по математика учествуваа 141 ученик од I, II и III година, од сите 21 средно училиште во надлежност на Град Скопје, а годинава натпреварот доби и меѓународен карактер со присуство на гости од Србија и од Бугарија. Учениците се натпреваруваа во две групи, ученици од гимназиско и ученици од стручно образование.

Во натпреварот меѓу учениците од прва година - гимназиско образование првото место го освои Ѓорѓина Цениќ од СУГС „Орце Николов", меѓу натпреварувачите од втора година – гимназиско образование најдобар беше Бојан Лозановски од СУГС „Јосип Броз - Тито", а од учесниците од трета година – гимназиско образование, прво место освои Филип Жаков од СУГС „Георги Димитров".

Во натпреварот меѓу учениците од прва година - стручно образование првото место го освои Здравко Тодоров од СУГС „Владо Тасевски", од учениците од втора година – стручно образование прва беше Еми Веселкоска од СЕПУГС „Васил Антевски - Дрен", а од учесниците од трета година – стручно образование, најдобар беше Антонио Мукоски од СУГС „Владо Тасевски".



*Матурска парада 2013*

# ПЛОШТАДОТ „МАКЕДОНИЈА“ ПУЛСИРАШЕ ВО РИТАМОТ НА КВАДРИЛОТ



На плоштадот „Македонија“ на 17 мај се одржа седмата по ред „Матурска парада 2013“, а матурантите од Скопје им се придружија на своите врсници од стотина градови од земјава и од Европа кои во исто време, точно напладне, го одиграа танцот „квадрил“ на звуците на штраусовата опера „Лилјакот“.

Во годинешната „Матурска парада“ во Скопје учествуваа 1 000 ученици од СУГС „Раде Јовчевски Корчагин“, СУГС „Никола Карев“, СУГС „Јосип Броз - Тито“, СУГС „Панче Арсовски“, СУГС „Браќа Миладиновци“, СУГС „Георги Димитров“, СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“, СЕПУГС „Васил Антевски Дрен“, СЕПУГС „Арсени Јовков“, СУГС „Марија Кири - Склодовска“, СГГУГС „Здравко Цветковски“, СУГС „Владо Тасевски“, АСУЦ „Боро Петрушевски“, СУГС „Димитар Влахов“, СУГС „Орце Николов“, СУГС „Лазар Танев“, ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј“, ДУФК „Методи Митевски - Брицо“и Приватната 5-та Гимназија. Матурска парада се одржа и во Куманово, Струмица, Гевгелија, Охрид и во Струга.

Пред започнувањето на танцот „квадрил“, матурантите положија заклетва за ненасилство и толеранција.

Покровители на манифестацијата „Матурска парада 2013“ се Град Скопје и Агенцијата за млади и спорт, а поддржувач е Делегацијата на Европската унија во Република Македонија.

# СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА СЕ ПРЕТСТАВИЈА ПРЕД ОСНОВЦИТЕ



„Заедно за нови и посреќни генерации“ е името на манифестацијата на која пред основците се претставија средните училишта на подрачјето на Општината Гази Баба, што се одржа на 23 мај, на плоштадот во Автокоманда. На штандовите на средните училишта „Панче Арсовски“, „Михајло Пупин“, „8 Септември“ и „Боро Петрушевски“, основците можеа подетално да се информираат за профилите и насоките што се изучуваат во нив, како и за начините на запишување во училиштата.

- Организирањето на овој музички хепенинг на кој учествуваат сите средни училишта на подрачјето на општината Гази Баба е одлична можност за нивно претставување пред идните средношколци. Образованието е моќ, односно алатка која подоцна ќе Ви ги отвори сите врати и хоризонти, затоа треба да изберете средно училиште каде што ќе го дадете вашиот максимум – им порача на присутните основци градоначалникот Коце Трајановски.

На овој хепенинг со музичко-сценски настап се претставија учениците од средните училишта на подрачјето на Општина Гази Баба.



# КОНСТИТУИРАН СОВЕТОТ НА ГРАД СКОПЈЕ

По одржувањето на локалните избори и утврдувањето на добиените мандати, на 18 април годинава се одржа првата конститутивна седница на Советот на Град Скопје.

Советот на Град Скопје прво ги избра претседателот и членовите на Комисијата за верификација, мандатни прашања, претставки и поплаки на Советот на Град Скопје, а за претседател беше избрана Слободанка Алексовска. Потоа, Комисијата ги верификува мандатите на советниците на Советот на Град Скопје од локалните избори, каде што коалицијата „За подобра Македонија" предводена од ВМРО-ДПМНЕ освои 22 советнички мандати, коалицијата „Сојуз на иднината" предводена од СДСМ освои 14 мандати, Демократската унија за интеграција (ДУИ) освои 5 мандати, Демократската партија на албанците (ДПА) освои 3 мандати и Демократската обнова за Македонија (ДОМ) 1 мандат.

Членови на советот на Град Скопје во наредните 4 години се:

Алексовска Слободанка, Андоновска Марија, Андреевски Јосиф, Бајрактар Ѓонул, Берат Али, Бичиклиски Александар, Георгиевски Борче, Гиовска Елизабета, Додовски Марјан, Ефтимова Елена, Змејковски Борис, Јовановски Славче, Јовески Пеце, Китановиќ Василка, Лазарев Јован, Маневски Михајло, Мишева Ирена, Поповски Владо, Реџепова-Теодосиевска Есма, Саркањац Бранислав, Трпевски Љупчо, Филиповска Верица, Анастасова Линдита, Глинџарска Соња, Ѓорѓиевска Лидија, Давчевски Драги, Зинзирова Сања, Колчаковски Драги, Кратовалиев Константин, Куновска Софија, Манчевски Дамјан, Матевски Тихомир, Матевски Ѓорѓе, Трпески Предраг, Василевски Драган, Шапуриќ Зоран, Алајдин Алија, Качар Енвер, Љимани Бинаса, Башким Амети, Муслиу Ќемал, Азири Нусрет, Орана Идриз, Сејдиу Хаљиме и Скаловски Денко.

На Конститутивната седница, за Претседател на Советот на Град Скопје е избрана Ирена Мишева.

# ПРВА СЕДНИЦА НА КООРДИНАТИВНОТО ТЕЛО НА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ



По локалните избори 2013 година, на 17 мај се одржа конститутивната седница на Координативното тело на новите градоначалници на скопските општини. Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, ја искористи можноста да им го честита добиениот мандат на своите колеги градоначалници и им пожела успешна работа во наредните четири години.

Трајановски изрази надеж дека ова тело ќе ја продолжи успешната работа како и во минатите четири години и дека сите градоначалници ќе соработуваат за решавање на проблемите со кои се соочуваат жителите на Скопје.

# ГРАДОТ СКОПЈЕ ДОБИ СЕРТИФИКАТ ИСО 9001:2008

Градот Скопје го доби Сертификатот за систeмот за управување со квалитет во согласност со стандардот ИСО 9001:2008, од меѓународната сертификациска куќа „Биро Веритас“ од Париз, подружница Љубљана. Опсегот на сертификација на Системот за управување со квалитет е Развој и давање услуги во надлежност на локалната самоуправа и Град Скопје како посебна единица на локалната самоуправа.

Системот за управување со квалитет ќе придонесе за подигнување на квалитетот на услугите спрема граѓаните и бизнис-заедницата од администрацијата на Град Скопје, според однапред дефинирани и стандардизирани процедури.

Подготовката за воведување на Системот за управување со квалитет траеше 6 месеци и со целосна посветеност на вработените во Градот Скопје беа изработени процедурите и работните процеси на Системот. Проверката на стандардизираните процеси беше извршена во периодот од 25 до 27 февруари 2013 година од регионалната подружница на „Биро Веритас“ од Љубљана, што резултираше со издавање на сертификатот ИСО 9001:2008 на Град Скопје. Сертификатот ќе важи до 07.03.2016 година.



BUREAU VERITAS Certification

Сертификат

Доделен на

ГРАД СКОПЈЕ

БУЛ. "ИЛИНДЕН" БР. 82, 1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА

Биро Веритас Сертификација потврдува дека е спроведена проверка на Менаџмент Системот, во горе наведената организација и утврдено е дека Менаџмент Системот е во согласност со барањата на стандардот

СТАНДАРД

ISO 9001:2008

ОПСЕГ НА СЕРТИФИКАЦИЈА

РАЗВОЈ И ДАВАЊЕ УСЛУГИ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ГРАД СКОПЈЕ КАКО ПОСЕБНА ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

08/03/2013

07/03/2016

08/03/2013

SL19789Q   01   08/03/2013

UKAS MANAGEMENT SYSTEMS 008

# ЗАВРШИ ГРАДСКАТА СРЕДНОШКОЛСКА ЛИГА

Во организација на Сојузот на средноучилишен спорт во Скопје, а под покровителство на Град Скопје, и годинава се одржаа средноучилишните лига натпревари за учебната 2012/2013 година во кошарка, одбојка, ракомет и футсал во машка и во женска конкуренција, а успешно беа организирани и натпреварите во куглање. Во делот на индивидуалните спортови се организираа натпревари во атлетика, бадминтон, пинг – понг, тенис, пливање, стрелаштво и шах, а во рамките на Скопскиот маратон се одржа екипно градско средноучилишно првенство за дисциплината 5 000 метри.

Во рамки на градскиот Final four што се одржа од 8 до 10.05.2013 година, се издвоија најдобрите 2 екипи во средноучилишна конкуренција, и тоа:

- Во футсал мажи, најдобри беа ДУФК„М.М – Брицо" и СУГС „Никола Карев". Во футсал жени првите две места ги освоија ДУФК „М.М – Брицо" и СУГС„Кочо Рацин".
- Во ракомет мажи, триумфираа средношколците од ДУФК „М.М – Брицо" и од СУГС„Здравко Цветковски". Во ракомет жени најдобри беа ДУФК„М.М – Брицо" и СУГС„Панче Арсовски".
- Во кошарка мажи триумфираа екипите на ДУФК „М.М – Брицо" и СУГС„Здравко Цветковски", а во кошарка жени – екипите на СУГС„Орце Николов" и на ДУФК„М.М – Брицо".
- Во одбојка жени првите две места ги освоија СУГС„Георги Димитров" и СУГС„Орце Николов", а во одбојка мажи - ДУФК„М.М – Брицо" и СУГС„Владо Тасевски".
- Во куглање најдобри беа екипите на ДУФК„М.М – Брицо" и на СУГС„Димитар Влахов".



Во системот на натпревари на средните училишта во Скопје во оваа учебна година учествуваа 180 екипи, а се одиграа околу 900 натпревари. Во средноучилишните лига натпревари и турнири учествуваа околу 5 000 ученици-спортисти од 28 средни училишта во Скопје.

Најдобрите две екипи од колективните спортови во градскиот Final four обезбедија пласман на државните средноучилишни натпревари каде што се постигнаа следниве резултати:

Фудбал жени:

| | |
|---|---|
| **1. ДУФК„Методи Митевски-Брицо"** | **Скопје** |
| 2. СОУ„Љупчо Сантов" | Кочани |
| 3. СОУ„Ристе Ристески-Ричко" | Прилеп |

Фудбал мажи:

| | |
|---|---|
| 1. СОУ„Димитар Влахов" | Струмица |
| 2. СОУ„Кирил Пејчиновиќ" | Тетово |
| **3. ДУФК„Методи Митевски-Брицо"** | **Скопје** |

Футсал жени:

| | |
|---|---|
| **1. ДУФК„Методи Митевски -Брицо"** | **Скопје** |
| 2. СОУ„Ристе Ристески-Ричко" | Прилеп |
| 3. СОУ„Љупчо Сантов" | Кочани |

Футсал мажи:

| | |
|---|---|
| 1. СОУ„Сами Фрашери" | Куманово |
| 2. СОУ гим.„Гоце Делчев" | Куманово |
| **3. ДУФК„Методи Митевски-Брицо"** | **Скопје** |

Ракомет мажи:

| | |
|---|---|
| **1. ДУФК„Методи Митевски-Брицо"** | **Скопје** |
| 2. СОУ„Јосип Броз-Тито" | Битола |
| **3.СУГС„Здравко Цветковски"** | **Скопје** |

Ракомет жени:

| | |
|---|---|
| **1. ДУФК„Методи Митевски-Брицо"** | **Скопје** |
| **2. СУГС„Панче Арсовски"** | **Скопје** |
| 3. СОУ„Нико Нестор" | Струга |

Одбојка жени:

| | |
|---|---|
| 1. СОУ„Јане Сандански" | Струмица |
| **2. СУГС„Георги Димитров"** | **Скопје** |
| **3. ДУФК„Методи Митевски-Брицо"** | **Скопје** |

Одбојка мажи:

| | |
|---|---|
| 1. СОУ„Јане Сандански" | Струмица |
| 2. СОУ„Кочо Рацин" | Велес |
| **3. ДУФК„Методи Митевски-Брицо"** | **Скопје** |

Кошарка жени:

| | |
|---|---|
| **1. ДУФК„Методи Митевски-Брицо"** | **Скопје** |
| **2. СУГС„Орце Николов"** | **Скопје** |
| 3. СОУ„Јосип Броз-Тито" | Битола |

Кошарка мажи:

| | |
|---|---|
| **1. ДУФК„Методи Митевски-Брицо"** | **Скопје** |
| 2. СОУ„Јане Сандански" | Струмица |
| 3. СОУ„Добри Даскалов" | Кавадарци |

На државното средноучилишно првенство во атлетика постигнати се следниве резултати: прво место на 100 метри жени - Велбона Селими од СУГС„Панче Караѓозов; на 800 метри жени прва пристигна Сермендие Љативовска од ДУФК„М.М – Брицо"; првото место на 400 метри жени и припадна на Дрита Ислами од ДУФК„М.М – Брицо"; прво место на штафетата 4Х100 метри освоија средношколките од ДУФК„М.М – Брицо". Најдобар во скок во височина мажи беше Никола Зарковски од ДУФК„М.М – Брицо", а првото место на 1000 метри мажи го освои Стефан Стојановски од СУГС„Кочо Рацин". На градското првенство во трчање на 5 000 метри во рамките на Скопскиот маратон кај мажите првото место го освоија средношколците од СУГС„Георги Димитров", а кај жените од СУГС„Орце Николов".



# РЕКОРДИТЕ ГО ОДБЕЛЕЖАА СКОПСКИОТ МАРАТОН 2013

Поставените рекорди на патеката долга 42 195 километри, и во машка и во женска конкуренција, беа главната одлика на годинешниов СКОПСКИ МАРАТОН 2013, којшто на 11 мај се трчаше на градските улици. Најдобар меѓу маратонците беше Кениецот Вајклиф Бивот Кипкорир, кој го собори рекордот на патеката, а најбрза и со рекорд меѓу жените беше неговата сонародничка Каролин Кипруто.

На скопскиот маратон, традиционално, се трчаа уште 3 трки - полумаратонот на 21 097 метри, хуманитарната трка на 5 000 метри и детската трка Колгејт-Скопски мини маратон. Во полумаратонската трка, во машка конкуренција прв на целта стигна Кристијан Стошиќ од Србија, а меѓу жените најбрза беше неговата сонародничка Данијела Бараќ. Во хуманитарната трка на 5 000 метри најдобар меѓу мажите беше Илир Келези, а во женска конкуренција најбрза беше Росица Костова. Оваа трка на 5 километри е наменета за рекреативци и е од масовен карактер.

Во Колгејт детскиот мини маратон на 500 метри (за основни училишта) најдобри беа Павле Јовановски и Анеса Хајдари.

Годинава, на улиците низ Скопје трчаа над 3 600 учесници од 36 земји. Во рамките на Скопскиот маратон Атлетската федерација на Македонија го одржа и Државното првенство во маратон.

Мерењето на времето на учесниците во трките се реализираше со тагови/чипови и секој што ја заврши маратонската или полумаратонската трка на целта доби медал. Во организацијата на маратонот беа вклучени голем број волонтери, околу 400 лица, како и сите јавни претпријатија на Град Скопје. Покровители на СКОПСКИ МАРАТОН 2013 се Град Скопје, Мисијата на Европската унија во Република Македонија и Агенцијата за млади и спорт.









# СПОРТУВАЈТЕ БЕСПЛАТНО НА ГРАДСКИТЕ ПЛАЖИ

Одбојкарските игралишта на песок на градските плажи „Парк" и „Камен мост" и ракометното игралиште на песок на плажата „Парк" ги отворија вратите за рекреативците. Спортските терени за сите заинтересирани ученици, граѓани, спортски клубови или здруженија на граѓани ќе бидат отворени секој ден, во термините од 10 до 24 часот. Закажувањето може да се врши секој работен ден на телефонските броеви 3297 – 238 и 3297 - 320 до 16:30 часот, или на самото игралиште во истиот период.





Терминот за бесплатно користење е со времетраење од 1 час.

Градската плажа „Камен мост" на 8 јуни и официјално беше отворена за посетителите со концертот на хрватскиот состав „Антенат". Концертот беше само почеток на уште едно жешко лето на плажата. Во текот на наредните четири месеци планирани се киновечери и проекции на култни македонски и странски филмови, фестивал на кратки филмски форми, изложби на млади уметници и фотографи, спортски турнири, матине и караоке забави.

# „ВОЗЕТЕ ВЕЛОСИПЕД!" НА ГРАДСКИТЕ УЛИЦИ

Под мотото „Возете велосипед!" на 26 мај низ улиците на Скопје се организираше промотивно возење на велосипеди. Манифестацијата во која учествуваа голем број граѓани беше во организација на Градот Скопје и на Велосипедската федерација на Македонија. Целта на ова возење е промоција и популаризација на велосипедот како рекреативно и алтернативно превозно средство, чие масовно користење има голем број позитивни придобивки.



- Градот Скопје посветува големо внимание за подобрување на условите за користење на велосипедот во Скопје, преку реализација на голем број проекти за подобрување на инфраструктурата. Моја заложба е вакви промотивни возења велосипед по алтернативни траси да се возат најмалку еднаш во месецот – рече градоначалникот Коце Трајановски.

Трајановски нагласи дека возењето велосипед има голем број придобивки - велосипедот е еколошко превозно средство кое не загадува, придонесува за намалување на сообраќајниот метеж, има финансиски бенефити и слично.

# СПОРТСКИ ИГРИ МЕЃУ СРЕДНОШКОЛЦИ ОД СКОПЈЕ И СОФИЈА



На иницијатива на Сојузот на средноучилишен спорт во Скопје од 2 до 4 јуни во Софија, Република Бугарија, се одржа турнир на кој силите ги одмерија тимови од средните училишта на Скопје и на Софија. Екипите од двата града се натпреваруваа во машка и во женска конкуренција во кошарка, ракомет и футсал, како и во одбојка во женска конкуренција. Екипите на Град Скопје беа составени од најдобрите ученици коишто учествувале на финалните натпревари на ниво на Град Скопје во соодветните спортови.

На спортските натпревари екипите од Скопје победија во шест натпревари и тоа во кошарка, ракомет и мал фудбал во машка и женска категорија, а екипите од Софија победија на натпреварот во одбојка во женска категорија.

Медалите за натпреварувачите и признанијата за професорите по физичка култура кои учествуваа во организацијата на спортските натпревари ги доделија градоначалниците на Скопје и на Софија, Коце Трајановски и Јорданка Асенова Фандакова, Претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева и Претседателот на Сојузот на средноучилишен спорт од Скопје, Влатко Неделковски.

Градоначалникот Коце Трајановски рече дека целта на овие натпревари е продлабочување на соработката меѓу двата града и размена на искуства од областа на образованието и спортот.



За време на престојот во Софија, градоначалникот Трајановски оствари средба со градоначалникот Фандакова и повеќе раководни лица од Општина Софија на која разговараа за поголем број теми околу состојбите во двата града и предизвиците со кои се соочуваат. Акцент беше ставен на темите од областа на сообраќајот, транспортот и екологијата.

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Градоначалникот Коце Трајановски на 25 април оствари средба со амбасадорот на Република Словенија во Република Македонија, Н.Е. Бранко Раковец.

На средбата, амбасадорот на Република Словенија му честиташе на градоначалникот Трајановски за неговиот повторен избор на оваа одговорна функција и беа изразени желби за продлабочување на соработката меѓу двете земји на повеќе нивоа, со оглед на тоа што Скопје е збратимен град со Љубљана и развива пријателски врски со градот Марибор...


Со амбасадорот Бранко Раковец


Со амбасадорот Роман Вашчук

... На 25 април градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, се сретна со Н.Е. Роман Вашчук, Амбасадор на Канада, со Живко Груевски, почесен конзул на Канада во Република Македонија и со Ѓурѓа Ѓ. Ќерамилац, директор на Одделението за економски односи при Амбасадата на Канада во Белград.

Амбасадорот Вашчук истакна дека е многу задоволен од соработката во областа на културата, образованието, соработката во бизнис секторот и во областа на информатичките технологии. Тој изрази подготвеност за продлабочување на воспоставените врски и иницираше нова соработка во повеќе области.

...Претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева, оствари средба со делегација од збратимениот град Талин, Естонија. Делегацијата од Талин, која беше предводена од претседателот на Советот на Градот Талин, Томас Витсут, беше составена од единаесет членови, кои истовремено се членови на Советодавниот одбор за развој на градот Талин - „Визионс“. Членовите на овој одбор работат и даваат продуктивни идеи за развојот на Талин. Во рамките на нивните активности тие организираат студиски посети на градови, а годинава го посетија Скопје.


Средба со делегација од Талин

На средбата беа разменети искуства за работата и улогата на Советите на двата града, а беше разговарано и за теми од заеднички интерес, за децентрализацијата, економијата, културата, образованието, миграцијата, како и за идните визии за развој на градовите.

...На средбата што во просториите на Град Скопје се одржа на 16 мај градоначалникот Коце Трајановски и шефот на делегацијата на Европската унија во Република Македонија, Н.Е. Аиво Орав, зборуваа за одличната досегашна соработка на повеќе полиња од кои, како што рече Трајановски, поважни се договорот што Градот Скопје го потпиша со Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) за кредит во вредност од 5,6 милиони евра што се користат за модернизација на контролата на сообраќајот и за реконструкција на булеваротБорис Трајковски (поранешната улица Првомајска).


Со евроамбасадорот Аиво Орав

Градоначалникот Трајановски и евроамбасадорот Орав се заложија за продолжување на соработката и одржување на добрите меѓусебни релации...

...Амбасадорот на Соединетите американски држави во Република Македонија, Н.Е. Пол Д. Волерс на средбата одржана на 26 април му честиташе на градоначалникот Трајановски за повторниот избор на оваа функција, а се зборуваше и за продлабочување на соработката меѓу двете земји на неколку нивоа.

Градот Скопје е збратимен со два града од САД, Темпи (1971) и Питсбург (2001), и одржува плодна соработка...


Со амбасадорот Пол Д. Волерс


Средба со претставници од Темпи, САД

...Градоначалникот Коце Трајановски на 31 мај се сретна со претставници од збратимениот град Темпи од САД, Аризона. Станува збор за д-р Сара Мекени, професор Џенис Френсин Вагнер и професор Гленис Нејси Вестморланд, а целта на нивната посета на Скопје е спроведување на истражување кое е во рамките на студиите за романтичните врски на адолесцентите и истото се спроведува преку анкети и групни интервјуа на адолесцентите во средните училишта во Скопје.

Градоначалникот Трајановски ја истакна досегашната добра соработка со Темпи, редовната размена на ученици и професори и позитивните резултати од оваа активност...

*Одбележан 5 Јуни Светскиот ден на заштитата на животната средина*

# УЧЕНИЦИТЕ ИСПРАТИЈА ПОРАКИ ЗА ПОЗДРАВА ОКОЛИНА





Просторот пред Школката во Градскиот парк беше претесен за да ги собере сите ученици, екологисти и вљубеници во природата кои се дружеа со песни, играа едукативни игри, испишуваа еко-пораки, цртаа на тема екологија, испратија пораки за здрава околина и активно се вклучија во одбележувањето на 5 Јуни – Светскиот ден на заштитата на животната средина. Мотото на годинешното одбележување на 5 Јуни беше „Мисли – јади – заштитувај", тема дадена од Програмата за животна средина на Обединетите нации со цел да се испрати апел храната да се купува и троши умерено и да се намали количеството употреблива храна што завршува на отпад.



- Мораме да сфатиме дека вознемирувачките слики на денешното уништување на животната средина низ светот е наша реалност која треба најитно да ја измениме. Глобалното затоплување, трошењето на озонот, исчезнувањето на многубројни видови растенија и животни, снемувањето шуми, се трајни процеси со несогледливи последици. Затоа, следете ги и почитувајте ги упатствата и препораките за штедење вода и енергија, купувајте производи за кои не се користи дополнителна амбалажа, сепарирајте го отпадот, грижете се за својот двор и дворот на своето училиште, чувајте ги излетничките места... Апелирам до сите граѓани на Скопје, рационално да ја купуваме и трошиме храната, а она што ќе ни остане, да не го фрламе во контејнерите, туку вишокот храна да го подадеме на оние на коишто им е потребна, а немаат можност да ја набават, или да ја донираме на Центарот за бездомни лица за кој се грижат Градот Скопје и Црвениот крст на град Скопје. Дел од прехранбените продукти може да завршат и во Зоолошката градина или Стационарот за бездомни животни – им порача градоначалникот Коце Трајановски на присутните ученици.

Министерот за животна средина и просторно планирање, Абдулаким Адеми, на градоначалникот Коце Трајановски и на заменикот на постојаниот претставник на УНДП во Македонија, Алесандро Фракасети, им подари графити изработени од ученици во ДСУ „Лазар Личеноски" заради континуираната добра соработка.

Одбележувањето на Светскиот ден за заштита на животната средина во Градскиот парк беше во организација на Град Скопје и на Министерството за животна средина и просторно планирање.



# ДОДЕЛЕНИ НАГРАДИТЕ ЗА НАЈГОЛЕМ ПРИДОНЕС ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА



Градоначалникот Коце Трајановски на 5 Јуни – Светскиот ден за заштита на животната средина ги додели наградите на најдобрите во традиционалниот конкурс на Град Скопје за избор на најеколошка компанија, најголем придонес во областа на заштитата на животната средина, за најубаво уреден двор на куќа, зграда и институција, фирма или стопански објект, најубав состав на тема екологија за ученици од основните и од средните училишта и за најубав цртеж на тема екологија за ученици од основните и средните училишта.

За најеколошка компанија (фирма со успешна примена на ISO 14001 и придонес кон зачувување на животната средина) наградата ја доби АДОРА инженеринг Скопје; За најголем придонес во областа на заштитата на средината (правни или физички лица кои со својата активност сториле најмногу за зачувување и унапредување на животната средина во Скопје) – наградата му припадна на СУГС „Никола Карев“; За најубаво уреден двор на објект за индивидуално домување наградата отиде во рацете на Марија Најдова, за двор во општината Кисела Вода; За најубаво уреден двор на објект за колективно домување награден е ученичкиот дом ЈУУДГ „Здравко Цветковски“; За најубаво уреден двор на фирма или стопански објект награден е„АДИНГ“ АД Скопје.

За најубав состав на тема екологија за ученици од основните училишта наградата отиде во рацете на Филип Гравчевски, 8б одделение во ОУ „Коле Неделковски“; За најубав состав на тема екологија за ученици од средните училишта награда доби Надежда Атанасова, III 2, во СУГС„Орце Николов“; За најубав цртеж на тема екологија за ученици од основните училишта наградата отиде во рацете на Сара Јагликовска III 2 одделение од ОУ„Јохан Хајнрих Песталоци“ и Александра Ѓорѓиевска, VII 1 одделение од ОУ„Гоце Делчев“, За најубав цртеж на тема екологија за ученици од средните училишта награда доби творбата на Мартина Мијушковиќ,Бојана Кокиновска и Елена Мицева, ученички во втора година во СУГС„Никола Карев“.

Работната единица Градско зеленило – реон Центар од ЈП „Паркови и зеленило“ доби благодарница за особен придонес во заштитата на средината.



# АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ



Екипите на Град Скопје ја почнаа акцијата за чистење на јавните површини во скопските општини, а први на ред беа општините Гази Баба и Бутел. Акцијата за чистење во секоја општина трае по три дена, а опфаќа расчистување на дивите депонии, кастрење на гранките на дрвјата, миење на улиците, косење на тревата и интервенции во насока на подобрување на водоснабдувањето.

На терен работат екипите на ЈП „Комунална хигиена", ЈП „Паркови и зеленило" и ЈП „Водовод и канализација".

- За разлика од 2009 година, кога јавните претпријатија имаа стара и нефункционална механизација и не беа на ниво на задачата, денес состојбата е многу подобра. За потребите на ЈП „Комунална хигиена" набавени се 60 нови камиони и возила за подигање на сметот, две специјални возила за чистење на улици со метларки, како и 60 000 пластични канти кои беа поделени на индивидуалните домаќинства во градот. За потребите на ЈП „Паркови и зеленило" се набавени 40-тина машини и возила, а возила и механизација се набавени и за преостанатите јавни претпријатија - рече градоначалникот Коце Трајановски, на почетокот на акцијата.

Акцијата за чистење на јавните површини во скопските општини се одвива во истовреме со деветтиот циклус посети на Градот Скопје на десетте скопски општини.

# ПО 9 ПАТ ВО ПОСЕТА НА СКОПСКИТЕ ОПШТИНИ



Со средба со претставниците на урбаните и месните заедници од Општината Гази Баба на 10 јуни почна деветтиот циклус посети на сите десет општини во Градот Скопје. На средбата во Гази Баба присуствуваа градоначалниците на Градот Скопје и на Општината Гази Баба, Коце Трајановски и Тони Трајковски, директорите на јавните градски претпријатија, раководителите на секторите во администрацијата на Градот Скопје и на Општина Гази Баба, како и претставници од сите урбани и месни заедници од општината.

- На овие средби граѓаните преку нивните најнепосредни претставници од месните и од урбаните заедници имаат можност да разговараат со градските служби и јавните претпријатија за проблемите со коишто се соочуваат во нивното секојдневие, да понудат предлози и идеи за нивно надминување, како и да дадат предлози за подобрување на работата на јавните претпријатија. Досегашните средби резултираа со реализирање на голем број проекти коишто ги предложија општините и граѓаните, пред се во областа на сообраќајот, комуналната хигиена и јавниот превоз. Овие средби се исклучително позитивни и претставуваат транспарентен начин на работење на локалната самоуправа, во насока на подобрување на животот на граѓаните на Скопје - изјави Трајановски.

На средбата претставниците на урбаните и месните заедници најмногу даваа сугестии околу работата на ЈСП, побараа да се зголеми фреквенцијата на автобусите и да се воведат нови автобуски линии.

# „СКОПЈЕ СЕ СЕЌАВА" ЗА 50-ГОДИШНИНАТА ОД СКОПСКИОТ ЗЕМЈОТРЕС



По повод одбележувањето на 50-годишнината од катастрофалниот земјотрес во Скопје, Градот Скопје во координација со Универзалната сала и други институции ќе организира неколку месечни активности под мотото „Скопје се сеќава", што имаат за цел да потсетат на немилиот настан. Со овој проект Скопје во 2013 година повторно треба да стане „центар" на светот, град кој ќе биде перципиран како модерен, отворен, космополитски, хуман и непосреден.

Во соработка со Министерството за надворешни работи, македонските амбасади во странство, здруженијата на Македонците во неколку земји и збратимените градови, ќе се изрази благодарност до сите хумани земји и граѓани што помогнаа по земјотресот, кога 80 проценти од градот беше уништен или оштетен, урнатините затрупаа 1 000 жртви, а 100 000 луѓе останаа без дом. Со креативната платформа „Скопје ви се заблагодарува", Градот Скопје планира активности со кои ќе се заблагодари за хуманоста покажана во минатото.

Сите овие активности би го поттикнале интересот за Скопје како инспиративна туристичка дестинација, би испратиле порака дека граѓаните на Скопје со генерации споделуваат исти вредности и ги карактеризира храброст, хуманост, визија и надеж. Проектот цели да ги обедини скопјани, да ги инспирира да се вклучат во активностите и да поттикне нови идеи и активности со кои сите ќе се гордееме.

Активностите се веќе почнати, а поинтензивни случувања се планираат во деновите пред 26 Јули, со еден централен мултимедијален настан на самиот ден.

# МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ИЗИИС




Градоначалникот Коце Трајановски на 29 мај присуствуваше на Меѓународната конференција на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС), што се одржа по повод 50 години од катастрофалниот земјотрес во Скопје.

- На 26 јули 1963 година Скопје доживеа голема катастрофа која однесе 1070 човечки животи и остави без дом над 100 000 наши сограѓани. Таа катастрофа за момент го запре градот во неговиот растеж, но истовремено покажа дека кога е потребно човештвото знае да се обедини и да помогне. Сакам да се заблагодарам на сите земји и градови кои му помогнаа на тогаш урнатото Скопје. Токму со огромната помош од меѓународната заедница, Скопје успеа да се крене од пепелот и да прерасне во модерна престолнина на Република Македонија и да стане симбол на меѓународната солидарност. Овој трагичен настан ја зголеми и свеста за потребата од планирање и изградба на објекти кои ќе можат да им одолеат на вакви природни катастрофи. Воспоставените стандарди за асеизмичка градба, како и големиот број објекти во кои се применети тие стандарди, се најдобар показател колку Градот Скопје сериозно ја сфати потребата од ваков пристап во градењето. Голем придонес за воспоставување на овие стандарди, пред се има Институтот за земјотресно инженерство кој неодамна стана Институт на УНЕСКО од категорија 2, единствен таков што работи на полето на земјотресното инженерство, сеизмологијата и намалувањето на ризиците од големи земјотреси - истакна пред присутните градоначалникот Трајановски.

# ТРЕТ ФЕСТИВАЛ НА ОРГАНСКА ХРАНА




На платото пред „Скопје сити мол" на 8 јуни се одржа еднодневниот Фестивал на органска храна, што традиционално се организира трета година по ред. Фестивалот има за цел да го промовира органското земјоделство како важен, перспективен дел на одржливото производство. За време на фестивалот посетителите имаа можност да купат и дегустираат производи од петнаесетина македонски изложувачи, производители на органска храна.

# КОНКУРС ЗА ИЗБОР НА НАЈДОБРА ФОТОГРАФИЈА 2013

Градот Скопје го распиша конкурсот за избор на професионална и аматерска фотографија со мотиви од Скопје и ги поканува професионалците, аматерите и учениците, вљубеници во фотографирањето да конкурираат во согласност со утврдените критериуми. Критериумите ги содржат следните точки:

- Мотивите на фотографиите да се од Скопје;
- Да се достават фотографии со различни мотиви од Скопје, по избор на доставувачот;
- По желба на доставувачот, може да се доставуваат и дневни и ноќни фотографии;
- Доставените фотографии да се во дигитален jpg или друг формат, со висока резолуција;
- Фотографиите не треба да бидат постари од 5 години;
- Изборот на фотографиите ќе го изврши специјална комисија формирана од Град Скопје;
- Град Скопје го задржува правото за свои интерни потреби да ги користи сите пристигнати фотографии;
- Град Скопје ќе организира изложба за наградените фотографии во еден од своите културни центри;

На конкурсот ќе бидат доделени три награди за најдобра фотографија - првата награда изнесува 50 000 денари, втората 40 000 денари и третата 30 000 денари.

Конкурсот трае 60 дена од денот на објавување во средствата за јавно информирање (25.05.2013 година). Секој кандидат своите фотографии треба да ги достави на цеде, во затворен плик на кој на горниот лев агол треба да стои ознаката „не отворај", а во средината треба да биде назначена точната адреса на примачот. Надворешноста на пликот не смее да содржи никакви ознаки за испраќачот. Во затворениот плик треба да има уште два затворени и запечатени плика, од кои едниот со ознака „предлог" под шифра, а другиот со документација со иста шифра, во кој ќе биде документацијата и идентификацијата на испраќачот.

Адресата на која треба да се достават предлог-фотографиите е: Град Скопје, Сектор за локален економски развој, булевар Илинден број 82, 1000 Скопје, со назнака „За Конкурсот за најдобра фотографија", или лично, во Архивата на Град Скопје.

За дополнителни информации заинтересираните можат да се обратат на телефонскиот број 3297-218, секој работен ден од 8:30 до 16:30 часот.

# ДЕСЕТ ДЕНА БАСКЕРФЕСТ НИЗ УЛИЦИТЕ НА СКОПЈЕ

Над 100 улични артисти од дваесетина земји го претворија Скопје во театар на отворено и ги забавуваа скопјани на осмиот по ред „Баскерфест 2013", кој почна на 14 јуни. Десет дена посетителите имаа можност да уживаат во настапите на жонглерите, пантомимичарите, кукларите и акробатите, како и во многубројните концерти. Меѓу поспектакуларните настапи се издвоија точките на италијанската акробатска трупа „Il Posto" и на рок групата „Star boy" од Нов Зеланд, која во своите настапи комбинира акробатска кореографија и пиротехнички елементи.

Меѓународниот уличен фестивал „Баскерфест" е во организација на Здружението на граѓани „One way", а под покровителство на Град Скопје. Годинава „Баскерфест" ќе направи турнеја и низ Македонија, што ќе трае до 3 јули.











„СКОПЈЕ"
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО
НА ГРАД СКОПЈЕ
Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ" излезе на 10 декември 2008

**Главен и одговорен уредник**
Неделчо Крстевски

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Уредник на фотографија**
Радомир Јовановиќ-Рацо

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Коце Трајановски**
Булевар Илинден 82
**Телефон**
02 3297 255
**меил-адреса**
gragjani@skopje.gov.mk
**Дизајн и печат**
Графички Центар Скопје

# „ТУРИСТИЧКАТА СТРАЖА“ ПОВТОРНО ВО ЦЕНТАРОТ НА ГРАДОТ



Од ова лето, проектот „Туристичка стража“ освен на плоштадот „Македонија“ ќе се реализира и на плоштадот „Карпошово востание“. „Туристичката стража“ ќе биде лоцирана на двата плоштади секој ден, од 11 до 13 часот. Проектот ќе трае до ноември, односно додека се поволни временските услови.

Проектот „Туристичка стража“ за првпат се реализираше минатата година во организација на Бирото за туризам и информации на Град Скопје во соработка со ДКЦ „Карпош“. Наменет е за промоција на централното градско подрачје пред туристите што го посетуваат нашиот град. За повпечатлива и поверодостојна туристичка презентација на културно-историските споменици, осум млади учесници во проектот завршија обука во Бирото и се стекнаа со соодветни знаења за карактеристиките, историјата и значењето на објектите од богатата историја на Скопје. Презентерите се униформирани во македонска национална облека, карактеристична за одредени временски периоди (македонска античка, македонска средновековна-комитска и облека од учесниците во НОБ- партизанска).

# МАСОВНА ТРКА НА РОЛЕРКИ НА БУЛЕВАРОТ ИЛИНДЕН



Над 500 деца од 18 основни училишта од Скопје учествуваа на втората по ред ролер-трка „Возиме кон иднината“ што на 26 април се возеше по булеварот Илинден. Трката ја организираа Детскиот културен центар „Карпош“ и Градот Скопје со цел да се поттикне спортскиот дух кај нашите најмлади и да се создадат навики за спортување.

Првото место на трката со ролери го освои Гордан Нацев од ОУ „Блаже Конески“ и му беа доделени ролери со заштитна опрема. Второто место го освои Алек Магдевски од ОУ „Невена Георгиева-Дуња“, а тој доби комплет ролерки. Трет на целта пристигна Валентино Каранфиловски, соученик на Алек и како награда доби комплет заштитна опрема или заштитна кацига и штитници за раце и за нозе.

# ДКЦ „КАРПОШ“ ПРОСЛАВИ 65 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ





Со богата музичко-сценска манифестација што на 7 јуни се одржа во Универзалната сала и со пригодна свеченост организирана во Музејот на македонската борба за државност и самостојност на 6 јуни, Детскиот културен центар „Карпош“ прослави 65 години од своето постоење и работење.

- Детскиот културен центар „Карпош“ веќе 65 години е нераскинлив дел од македонскиот културен амбиент, претставувајќи дом на неколку генерации надарени деца. ДКЦ „Карпош“ може да се пофали дека своите почетоци му ги должат исклучителни имиња на македонската уметност и спорт. Првите мали чекори во своите големи кариери во оваа институција ги направија признати диригенти, вокални солисти, прима балерини, инструменталисти, композитори и шаховски велемајстори, со што оваа градска установа може да ја вброиме во една од најплодните јавни институции во државата. ДКЦ „Карпош“ и во иднина ќе биде центар на детскиот активизам и едукација, давајќи значителен придонес во македонскиот јавен живот - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на отворањето на манифестацијата.

Свеченоста се одржа под мотото „65 години Детски културен центар „Карпош“-СИНОНИМ НА ДЕТСКОТО ТВОРЕШТВО И КУЛТУРАТА ЗА ДЕЦА. Покровител на настанот беше сопругата на Претседателот на Република Македонија, Маја Иванова, некогашен член на пионерскиот дом, а во Универзалната сала настапија Вјечеслав Поповски-вокален солист; балетската група на ДКЦ „Карпош“ со изводок од „Лебедово езеро“;




сценско-музички перформанс „Снежен град“; „Младите амбасадори“ - гости Лилјана Трпчиќ и Јордан Самарџиски; „Ролеријада на сцена“; „Априлијада на сцена“; „Оро без граници“-настап на фолклорен ансамбл; „Модерни танци“-танцова група; Викторија Ивановска на виолина; Дарко Багески квартет-класична гитара; „Танец“ и фолклорниот ансамбл на ДКЦ „Карпош“.

Во рамки на Манифестацијата настапија и познати јавни личности кои некогаш биле дел од секциите на ДКЦ „Карпош“: пијанистот Симон Трпчевски, пејачката Викторија Лоба, поп ѕвездата и актер Влатко Илиевски и членовите на фолклорниот ансамбл „Танец“.

Покрај бројните секции, ДКЦ „Карпош“ годишно одржува и разни манифестации во кои учествуваат деца од градинките и од основните училишта од Скопје и од околината. Такви манифестации се: „Играм и пеам за мојата мајка“, „Снежен град“, „Цртање на асфалт“, натпревар во класична гитара, Гитар Фест-„Тремоло“, „Априлијада“, „Ролеријада“, Меѓународниот фестивал „Оро без граници“, „Училишна квизотека“ „„Весел плоштад на зајдисонце“ и уште многу други манифестации и приредби.

Во рамки на официјалното одбележување на овој значаен јубилеј, беше промовирана и Монографијата 65 години ДКЦ „Карпош“,проектиран документарен филм за ДКЦ „Карпош“, доделени благодарници, а беше испеана и новата химна на ДКЦ, чиј што автор е Драган Мијалковски. Манифестациите за одбележување на јубилејот 65 години ДКЦ „Карпош“ беа посветени на некогашните, сегашните и идни карпошовци...




*Урбана Уметност*

# СКОПСКО ЛЕТО 2013

*Skopje Summer*

ДИРЕКЦИЈА ЗА КУЛТУРА И УМЕТСНОТ -СКОПЈЕ  DIRECTORATE OF CULTURE AND ARTS -SKOPJE